РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ТЕТОВО - KOMUNA E TETOVËS
Бр.-Nr. 07- 9170/1
14-09 2021 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

Република Северна Македонија
Општина Тетово
Дервиш Цара,68
1200,Тетово

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Tetovës
Dervish Cara, 68
1200,Tetovë

E: info@tetova.gov.mk

22.21.42-9556/1

Општина Тетово
ТППЕ-Тетово

До:
МВР - СВР Тетово

Предмет : Известување

На ден 08.09.2021г во **21час и 02 мин** од страна на пријавител со тел.Бр 075/200-304 бевме известени и по кажување на пријавителот дека гори Инфективно одделение при Клиничкиот центар во Тетово, веднаш е даден аларм од страна на диспечерот и хитно е излезено со 3 ПП возила од кои едно навално и две пратечки. Во првото ПП возило биле вклучени 7 пожарникари, а во секое пратечко возило имало вкупно 5 пожарникари и по наредба од командирот на вод вклучени се уште 4 ПП возила со уште 4 пожарникари. На лице место е пристигнато во **21:07ч** истовремено напоменуваме дека имавме тежок проход од влезот на клиничката болница до лице место, односно до модуларната болница, заради непрописно паркирани возила. Од наша страна при пристигнување беше забележено дека од предната страна гледано кон физикална амбуланта се гледаше пламен и чад, истовремено се гледаше пламен од влезната врата на модуларната болница гледано кон заразна болница. Во ист момент почнавме да дејствуваме со линии од две разделници Ф75 на 52 со вкупно три линии. Заради тесниот простор поради објектите третото и четвртото возило беа распоредени од задната страна на објектот гледано кон речното корито, истовремено пожарникарите почнаа со гаснење на пожарот кој исто така беше интензивен со многу пламен и чад, и истовремено се чуствуваше висока температура по кажување на сите пожарникари кои беа вклучени во гаснење на пожарот. Напоменуваме дека заради наведената висока температура во никој случај не можевме да се доближиме до внатрешноста на опожарениот објект. Во еден момент додека се интервенираше во делот накај заразно одделение се слушна звук во форма на детонација, а во тој дел беше и спратната табла за снабдување со електрична енергија, по што ни даде дознаење дека довод на електрична енергија не беше исклучено и ни ги доведуваше и нашите животи дополнително во опасност. Истовремено по кажување на колегите дел од прозорите беа кршени и отворени, а доколку се укажувало потреба за